UPRAVEN SUD NA
REPUBLIKA SEVERNA
MAKEDONIJA Skopje
2026.11.17 13:45

УПРК.бр.20/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Билјана Никодиновска Петровска - претседател на советот, Лулзим Салиуи и Благородна Аранѓелова - членови на советот, со записничар Кристина Николовска Георгиевска – судски референт, решавајќи по тужбата на тужителот Даути Комерд АД с.Бојане, општина Сарај, преку полномошник адвокат Владо Пешликоски од Скопје, изјавена против Решението на Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, П.П.бр.09-41/11 од 11.07.2025 година, по основ на Прекршоци од областа на конкуренцијата (доминантна позиција), по одржаната усна јавна расправа на ден 10.11.2026 година, во присуство на полномошникот на тужителот адвокат Велимир Димовски Скопје и претставникци на туженият орган овластено лице Маја Стоиманова Ристовска и овластено лице Кристина Петрова, согласно член 58 и член 59 став 1 од Законот за управните спорови, на ден 17.11.2026 година, ја донесе и јавно ја објави следната:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Даути Комерд АД с.Бојане, општина Сарај, изјавена против Решението П.П.бр.09-41/11 од 11.07.2025 година, на туженият орган Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Барањето на тужителот за надомест на трошоци во спорот, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение означено во изреката на пресудата, во точка се утврдува дека ДАУТИ КОМЕРЦ Друштво за производство, промет и услуги увоз-извоз, АД с.Бојане општина Сарај, не постапил по Заклучок за доставување на податоци бр. 08-98 од 01.11.2023 година на Комисијата во определениот рок, а во смисла на член 49 од Законот, на начин што не ги доставило податоците побарани со наведениот заклучок во определениот рок кој истекувал на 16.11.2023 година, како ден до кога ДАУТИ КОМЕРЦ било должно да ги достави бараните податоци и со тоа сторило прекршок од член 61 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, за што му се изрекува санкција глоба во износ од 60.000,00 денари, што претставува 0,00057% од вредноста на вкупниот годишен приход на ДАУТИ КОМЕРЦ Друштво за производство, промет и услуги увоз-извоз, АД с.Бојане, општина Сарај, остварен во 2024 година, како последна деловната година за која истото има составено годишна сметка. Во точка 2 е предвидено дека глобата од точка 1) од ова решение сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на

правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

Незадоволен од вака донесеното решение тужителот на ден 22.07.2025 година, поднесе тужба за поведување на управен спор поради погрешно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Имено наведува дека тужителот во законскиот рок електорнски ги доставил податоците и документацијата до туженият орган, и за тоа постоел доказ, па оттука техничката грешка во буква од електронска пошта не можело да се смета како факт дека податоците не биле доставени, па оттука било видно дека податоците два пати биле дисставени до туженият орган, како и дека висината на глобата била превисоко определена со оглед на видот и карактерот на прекршокот. Предложи тужбата да се уважи,а оспореното решение да се поништи.

Туженият орган на ден 03.09.2025 година ги достави списите по предмето и во одговор на тужба наведе дека наводите на тужителот истакнати во тужбата биле целосно неосновани, од причина што тужителот не постапил по Заклучокот за барање податоци и документи, со што сторил прекршок по член 61, став 1, точка 1 од Законот за заштита од конкуренција. Дополнително дека доставувањето на погрешна електронска адреса, не можело да се смета за доставување во предвидениот рок од 10 дена, како и дека туженият оргна при одмерување на казнат ги земал во предвид сите оленсителни околности и фактот дека тужителот веднаш по поведувањето на постапката на ден 05.03.2025 година доставил одговор и докази, а кое нешто било земено како олеснителна околност и му била изречена минимална санкција. Предложи тужбата да се одбие, а оспореното решение да се потврди.

Постапувајќи по предметната тужба Судот закажа и одржа усна јавна расправа на ден 10.11.2026 година, во присуство на полномошникот на тужителот адвокат Велимир Димовски Скопје и претставникци на туженият орган овластено лице Маја Стоиманова Ристовска и овластено лице Кристина Петрова.

На јавната расправа полномошникот на тужителот, истакна дека останува во целост кон поднесената тужба и тужбените наводи и предложи истата да се усвои во целост. Видно од доказите донесеното Решение на туженият орган било незаконито од причина што тужителот на ден 07.11.2023 година ги доставил бараните податоци на емаил адреса, меѓутоа поради сторена техничка грешка, а по известување на туженият орган истите повторно ги доставил по електронска пошта на ден

05.03.2025 година. Од тие причини во никој случај не можело да се дојде до заклучок дека тужителот не постапил по барањето на туженият орган. Предложи тужбеното барање да се уважи во целост бидејќи од предложените и изведени докази, како и фактичката состојба која може да се утврди од истите неспорно произлегува дека туженият орган донел незаконито решение. Предјави трошоци во вкупен износ од 24.904,00 денари.

Претставникот на туженият орган Кристина Петрова изјави дека остануваат во наводите дадени во одговор на тужба и сметале дека наводите во тужбата се неосновани во целост, односно во однос на наводот на тужителот дека само направил техничка грешка туженият орган истакнува дека согласно член 24 став 2 од Законот за електронско управување, ризикот од грешки при доставување на барања кон давателот е на товар на корисникот. Согласно член 26 став 1 од истиот закон по добивање на барањето по електронска пошта на корисникот му се праќала потврда за прием. Во конкретниот случај туженият орган не добил електронска порака од тужителот односно одговор на бараните податоци со заклучокот, поради тоа не постоела ниту можност туженият орган да го извести тужителот дека било постапено по писменото како што би следувало согласно член 26 од Законот за елеконско управување. Соласно член 46 став 1 од ЗЗК претпијатија биле должни да ги достават баарните податоци во рокот утврден со заклучокот на туженият орган. Понатаму, истакна дека по пријавувањето на потребните податоци туженият орган правилно ја утврдил фактичката состојба и правилно постапил во одлучувањето во прекршочната постапка која се била донесена во однос на висината на изрекување на глобата, а како доказ за истото истакна дека за истиот прекршок останати правни лица ДПТУ БУ БО МЕТАЛИКА ДООЕЛ увоз - извоз с.Бразда- Чучер Сандево ЈП Комунална хигиена Скопје, Друштво за собирање и преработка на отпадоци извоз -увоз ЕКО ЦЕНТАР 97 ДООЕЛ Скопје, ВЕИСТЕР ДООЕЛ, ТАНКЕНТА, РЕМОНТИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола и ПАКОМАК Трејд Битола, по приемот на решението на туженият орган со кое се утврдило прекршокот истите ја подмириле односно исплатиле изречената глоба за истиот прекршок. Остануват во целост на наводите изнесени во сега оспореното Решение и му предложијана Управниот суд да донесе пресуда со кое ќе ја одбие тужбата на тужителот, а решението на туженият орган да го потврди во целост.

Во доказна постапка Судот, изврши увид во доказите и тоа: Тужбата со оспореното Решение П.П.бр.09-41/11 од 11.07.2025 година, меил комуникација помеѓу тужителот и тужен орган, Одговор на тужба од тужен орган од 03.09.2025 година, доставување на заклучок за прибавување податоци, Заклучок со бр.08-98, со доставница за уредно примен, Барање за поведување прекршочна постапка од 15.04.2023 година, Доставување на заклучок за поведуавње прекшочна постапка со доставница за уредно

примен, меил допис за доставување на податоци - евиденција на откупени количини од страна на тужителот, тековна состојба на правното лице сега тужител од ЦР на РСМ, доставување на прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба од 07.04.2025 година со доставница за уредно примено известување, доставување на конечно известување за утврдена фактичка состојба од 23.05.2025 година, Допис од туженият орган до тужителот од 12.05.2025 година и Одговор по конечно известување од страна на тужителот од 02.06.2025 година.

Управниот суд, постапувајќи по тужбата на тужителот го испита побиваното решение, согласно член 35 од Законот за управните спорови, па по оцена на наводите во тужбата, одговорот на тужба, списите по предметот, наводите истакнати на јавната расправа како и доказите изведени на истата утврди дека :

Тужбата на тужителот е неоснована.

Од списите на предметот е видно дека Комисијата за заштита на конкуренцијата со допис бр.08-21 од 15.04.2024 година до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата доставила барање за поведување на прекршочна постапка против сега тужителот Даути Комерц АД, со кое побарала да поведе постапка по службена должност за ДАУТИ КОМЕРЦ АД с.Бојане, Сарај, заради непостапување по Заклучок бр.08-98 од 01.11.2023 година за доставување на податоци во определениот рок, а во смисла на член 49 од Законот за заштита на конкуренцијата, што претствувало прекршок од член 61 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата. Имено туженият оргна во барањето навел дека сега тужителот до Комисијата за заштита на конкуренцијата не ги доставил потребните податоци, во законски определениот рок од десет дена од денот на приемот на Заклучокот бр.08-98 од 01.11.2023 година, односно не доставил вкупно откупени количини на отпадна хартија од физички лица (неформални собирачи) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадна хартија од правни субјекти (создавачи на отпад) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадна хартија од други субјекти (да се наведе кои) од територија на град Скопје, вкупно откупени количини на отпадна пластика од физички лица (неформални собирачи) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадна пластика од правни субјекти (создавачи на отпад) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на отпадна пластика од други субјекти (да се наведе кои) од територија на град Скопје, вкупно откупени количини на отпадно стакло од физички лица (неформални собирачи) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани

количини на отпадно стакло од правни субјекти (создавачи на отпад) од територија на град Скопје, вкупно откупени/собрани количини на стакло од други субјекти (да се наведе кои) од територија на град Скопје. Дополнително тужителот на 05.03.2025 година по електорнска пошта ги доставил потребните барани податоци, по истекот на предвидениот рок, како и доказ дека истиот ги доставил предвидените податоци во рок на 07.11.2023 година, но проади техничка грешка во е меилот податоците не стигнале на назначената електорнска адреса. Понатаму на ден 12.05.2025 година туженият орган со електронска пошта ПП бр.09-41/6 доставил допис во кој истакна дека недоставувањето на бараните податоци од страна на Комисијата било поради настаната техничка грешка при испраќањето на податоци по електронски пат и дека истите се доставени со електронска порака на ден 05.03.2025 година. На ден 23.05.2025 година, туженият орган донел конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-41/7 и истото било доставено до тужителот со пропратно писмо ПП бр.09-4318 на 23.05.2025 година, а на ден 02.06.2025 година тужителот по електронска пошта доставил одговор до на конечното известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-41/9. Дополнително на ден 09.06.2025 година тужеителот до туженият орган го доставил горенаведеното произнесување на Конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-41/10. Врз основа на ваквото прибавувањето на потребните податоци од значење за правилно одлучување во прекршочната постапка и од прибраните докази на лице место, како и од произнесувањето по прелиминарното и конечното изјаснување за утврдена фактичка состојба на тужителот, туженият орган утврдил дека, сега тужителот не постапил по Заклучок за доставување на податоци бр.08-98 од 01.11.2023 година на Комисијата во определениот рок, а во смисла на член 49 од Законот, на начин што не ги доставил податоците побарани со наведениот заклучок во определениот рок кој истекувал на 16.11.2023 година, како ден до кога бил должен да ги достави бараните податоци и со тоа сторило прекршок од член 61 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата. Понатаму утврдил дека вкупните приходи на тужителот остварени во 2024 година изнесувале 5.261.743.008 денари, па оттука износот на глобата кој била изречена за сторен прекршок од член 61 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата изнесувала 60.000,00 денари, што претставувала 0,00057% од вредноста на вкупниот годишен приход на тужителот остварен во 2024 година, како последна деловната година за која истиот имал составено годишна сметка и притоа во утврдувањето на износот на глобата ги земал во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од

прекршокот, а како особена олеснителна околност го земал во предвид фактот дека тужителот веднаш по поведувањето на постапката односно, на ден 05.03.2025 година по електронска пошта доставил одговор на заклучок бр. 09-41/3 и ги доставил бараните податоци од Заклучок 08-98 од 01.11.2023 година, при што со електронската пошта доставил и доказ дека истиот направил обид да ги достави податоците во предвидениот рок, но дека поради техничка грешка податоците не стигнале на назначената електронска пошта.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение, Судот најде дека истото е правилно и законито.

Согласно член 35 од Законот за управните спорови (Службен весник на РСМ бр.96/19), Судот одлучува во границите на тужбеното барање, но не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 37 став 1 од истиот закон, Судот одлучува по поднесената тужба, по одржана расправа, освен кога е тоа поинаку уредено со овој закон.

Согласно член 59 став 1 од истиот закон, Судот ќе го одбие тужбеното барање како неосновано, ако утврди дека постапката која претходела на оспориот управен акт била спроведена согласно законот, дека одлуката е правилна и заснована на закон.

Согласно член 12 од Законот за општа управна постапка, Кои факти ќе ги земе како докажани одлучува овластеното службено лице по свое самостојно уверување врз основа на совесна и грижлива оцена на секој доказ посебно и на сите докази заедно, како и врз основа на утврдените факти од целокупната постапка.

Согласно член 40, став 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата (Сл.весник на РСМ бр.145/10..16/25) (1) Заради вршење на овластувањата утврдени со овој закон, Комисијата за одлучување по прекршок може со заклучок да бара од претпријатијата да достават податоци во врска со нивната економско финансиска состојба, нивните деловни односи и врски, податоци за нивните статути и одлуки, за бројот и идентитетот на лицата засегнати со таквите одлуки, како и други податоци потребни за водење на постапката. (2) Заклучокот за барање на податоци содржи правен основ, цел на барањето, точно наведување на податоците кои се бараат, рок за доставување на бараните податоци, како и тоа дека недоставувањето на податоци во бараниот рок, доставувањето на неточни, нецелосни или податоци кои можат Комисијата за одлучување по прекршок да ја доведат во заблуда претставува прекршок, согласно со членот 61 од овој закон.

Согласно член 61, став 1, точка 1 од истиот Закон, (1) Комисијата за одлучување по прекршок, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 1% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка, ако: 1) не постапи по заклучок на Комисијата за заштита на конкуренцијата или Комисијата за одлучување по прекршок за доставување на податоци во определениот рок, а во смисла на членовите 40, 48 и 49 од овој закон.

Согласно член 24 од Закон за електронско управување и електронски услуги (Сл.весник на РСМ бр.98/19..3/25), (1) Барање по електронски пат се смета за примено со негово евидентирање во Националниот портал за електронски услуги или во единствената околина за размена на документи и податоци во електронска форма. (2) Ризикот од грешки при доставување на барањето кон давателот на електронски услуги е на товар на корисникот.

Според наоѓање на Судот, од утврдената фактичка состојба пред туженият орган, врз основа на целокупните списи по предметот и доказите, а имајќи ги притоа во предвид цитираните законски одредби и наводите истакнати во тужбата, произлегува дека туженият орган правилно ја утврдил фактичката состојба врз чија основа правилно го применил материјалното право.

Во конкретниот случај при одлучувањето туженият орган правилно ги применил горе цитираните законските одредби кога врз основа на истите го донел оспореното решение П.П.бр.09-41/11 од 11.07.2025 година со кое тужителот правилно го огласил за прекршочно одговорни за сторен и казнив прекршок по член 61 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, при што за стореният прекршок на тужителот правилно му изрекол глоба во износ од 60.000,00 денари, што претставува 0,00057% од вредноста на вкупниот годишен приход, остварен во 2024 година. Дотолку повеќе што при изрекувањето на прекршочната санкција – глоба, туженият орган ги ценел сите докази и сите околности кои влијаат врз висината на изречената глоба односно тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, а како особена олеснителна околност го земал во предвид фактот дека тужителот веднаш по поведувањето на постапката односно, на ден 05.03.2025 година по електронска пошта доставил одговор на заклучок бр. 09-41/3 и ги доставил бараните податоци од Заклучок 08-98 од 01.11.2023 година, при што со електронската пошта доставил и доказ дека истиот направил обид да ги достави податоците во предвидениот рок, но дека поради техничка грешка податоците не стигнале на назначената електронска пошта

Имајќи ја предвид ваквата правна и фактичка состојба на работите по предметот произлегува дека одлуката на туженият орган е правилна и законита, а тужбата неоснована.

При одлучувањето, Судот ги ценеше тужбените наводи на тужителот истакнати во тужбата како и наводите истакнати на одржаната расправа, дека тужителот во законскиот рок електронски ги доставил податоците и документацијата до туженият орган, и за тоа постоел доказ, па оттука техничката грешка во буква од електронска пошта не можело да се смета како факт дека податоците не биле доставени во дадениот рок, меѓутоа судот ги оцени како неосновани и без влијание за поинакво одлучување. Ова од причини што во конкретниот случај видно од списите во предметот е дека тужителот дури на ден 05.03.2025 година по електронска пошта доставил одговор на Заклучок бр.09-41/3 и ги доставил бараните податоци од кој е видно дека истиот постапил по заклучокот, но не во законски предвидениот рок до 16.11.2023 година. Судот тие наводи не ги прифати бидејќи согласно член 24 од Закон за електронско управување и електронски услуги (Сл.весник на РСМ бр.98/19..3/25), е предвидено дека ризикот од грешки при доставување на барањето кон давателот на електронски услуги е на товар на корисникот. Па оттука Судот цени дека техничката грешка која била сторена од страна на сега тужителот паѓа на негов товар и согласно тоа не може да се смета дека истиот навремено постапил по барањето на тужителот за доставување на бараната документација.

Согласно наведените законски одредби, и вака утврдената фактичка состојба судот најде дека тужителот сторил повреда на одредбите од член 61, став 1, точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, на начин што не постапил по Заклучок за доставување на податоци бр.08-98 од 01.11.2023 година на туженият орган во определениот рок кој истекувал на 16.11.2023 година, а наведното согласно одредбите од член 40, став 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Дополнително судот ги ценеше наводите на тужителот за превисоко определениот износ на санкцијата, но истите ги оцени како неосновани, од причина што е видно дека туженият орган износот го определил во законскиот минимум за предвидниот прекршок, а притоа имјаќи ги во предвид сите околности кои влијаат врз висината на изречената глоба односно тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, а како особена олеснителна околност го земал во предвид фактот дека тужителот веднаш по поведувањето на постапката односно, на ден 05.03.2025 година по електронска пошта доставил одговор на заклучок бр. 09-41/3 и ги доставил бараните податоци.

Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, судот го одби како неосновано, согласно одредбата од член 86 став 3 од Законот за управните спорови („Сл.Весник на РСМ“ бр.96/19), со која е предвидено доколку судот ја одбие тужбата, секоја странка да ги сноси своите трошоци во постапката.

Врз основа на наведеното, следуваше Судот да одлучи како во изреката на пресудата, согласно член 58 и член 59 став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Управниот суд на ден 17.11.2026 година под УПРК.бр.20/2025

Записничар –судски референт
Кристина Николовска Георгиевска Петровска

Претседател на совет - Судија
Билјана Никодиновска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда е дозволена жалба во рок од 15 дена по приемот на истата, преку овој суд до Вишиот управен суд.

Пресудата да се достави на:
- тужителот, преку полномошник
- туженият орган

Претседател на совет - Судија
Билјана Никодиновска Петровска